ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-8/5**

**Дата:09.04.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Студеничани за 2008 година, кои се прикажани на страните 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Студеничани за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Студеничани за 2004 година. За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи дадено е позитивно мислење, а за наменското и законското користење на средствата дадено е негативно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Аљаудин Зеќири, градоначалник во 2008 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 20.01 до 29.01.2010 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

---

*__Овластен државен ревизор__*

_______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Градоначалникот на Општина Студеничани нема назначено одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи на општината, што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
Не назначувањето одговорен сметководител создава ризик од не откривање на грешки во трансакциите, а со тоа и можност за неточно изготвени финансиски извештаи.
Општина Студеничани нема воспоставено систем и процедури за внатрешна ревизија. За вршење на работи од обласа на внатрешната ревизија нема склучено ниту договор со друг субјект за користење на услугите од внатрешен ревизор.
Тоа придонесува за не спроведени законски обврски и можност за постоење ризик од не придржување кон законите и интерните акти.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки во функција на разрешување на прашањето за поставување одговорен сметководител и воспоставување систем и процедури за внатрешна ревизија користејќи ги можностите што ги дава законската регулатива.

10.1.2. Советот на Општина Студеничани нема донесено Буџетски календар за утврдување на роковите за планирање на општинскиот буџет во кои градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови, општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот и градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до Советот на општината. Не донесување буџетски календар не е во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, а причина е постојната пракса во општината во спроведување на процесот на буџетирање, што создава можност за ненавремено донесување на буџетот.

**Препорака:**
На предлог на градоначалникот Советот на Општина Студеничани да донесе Буџетски календар со кој ќе се утврдат постапката и роковите за донесување на Буџетот на општината.

10.1.3. Општина Студеничани за 2008 година нема остварено приходи од данок на имот и комунална такса за фирма поради тоа што во Општина Студеничани нема воспоставено регистри на податоци за обврзниците по основ данок на имот и комунална такса за фирма. Поради невоспоставените регистри не е извршено утврдување и задолжување со данок на имот и комунална такса за фирма за 2008 година.
Претходно наведеното не е во согласност со Законот за даноците на имот и Законот за комуналните такси.
Причина за таквата состојба е непреземањето на регистарот на податоци од Управата за јавни приходи и непреземање на активности за утврдување на обврзниците по овие основи на територијата на општината.
Непостоење на евиденција на даночните обврзници по основ на данок на имот и комунална такса за фирма, како и неизготвување и недоставување на решенијата по овие основи, придонесува за помалку остварени приходи на општината.

**Препорака:**
Даночното одделение на Општина Студеничани да ги изврши следните работи:
- да формира регистар на податоци за обврзниците за данок на имот и комунална такса за фирма;
- да врши усогласување на регистарот на податоци за обврзниците на данок на имот со податоците од Агенцијата за премер и катастар на недвижности;
- да врши усогласување на регистарот на податоци за обврзниците на комунална такса за истакната фирма со податоците од Централниот регистар на Република Македонија, и
- секоја година, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата од регистарот да се доставуваат до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи.

## 10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

10.2.1. Општина Студеничани со Буџетот за 2008 година има планирано приходи и расходи во износ од 31.254 илјади денари. Во 2008 година се реализирани приходи во износ од 23.672 илјади денари, расходи 23.607 илјади денари и е остварен вишок на приходи во износ од 65 илјади денари. Приходите се остварени со 75,74% во однос на планираниот износ, а расходите со 75,53%.
Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на општината, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот - ребаланс, а согласно Законот за буџетите доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот предлага на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.
Во текот на 2008 година извршен е еден ребаланс на буџетот но и покрај тоа истиот на крајот на годината не е остварен во износите утврдени со ребалансот.
Неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи и расходи создава можност од преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредната фискална година.

**Препорака:**
Градоначалникот, согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за буџетите, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на општината односно доколку реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот да предложи на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

10.2.2. За 2008 година и приходите и расходите на сметката на Буџетот на Општина Студеничани се искажани во помал износ од 5.487 илјади денари, поради извршени плаќања на обврските спрема дел од добавувачите со договори за цесија со средства доделени од Фондот за води и Министерството за животна средина и просторно планирање. Овие износи не се евидентирани преку сметката, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ефектот е нереално искажани приходи и расходи за годината која е предмет на ревизијата.
Во 2008 година сметката на Општина Студеничани била постојано блокирана и согласно Законот за платниот промет општината не требала да врши плаќање со пресметка – цесии, компензации.

**Препорака:**
При состојба на блокирана сметка градоначалникот на општината, согласно Законот за платниот промет, да не дозволува плаќање со пресметка - цесии.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1.3. и 10.2.2. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на Општина Студеничани на ден 31 декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на Органот на Општина Студеничани.

13. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е:
- намалување на состојбата на Материјалните средства и Државниот јавен капитал во износ од 6.700 илјади денари и
- усогласување на состојбата на вишокот на средствата за пренос во наредна година со состојбата на жиро сметката на 31.12.2008 година за износ од 45.465 илјади денари.

14. Во врска со наодите од ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, превземени се мерки со тоа што е извршено усогласување на Статутот, актите за работа и актите за систематизација на Општината, согласно членот 91 и 94 од Законот за локална самоуправа и нема случаи на направени расходи без претходно обезбедени средства со буџетот.

Скопје 06.04.2010 година — Овластен државен ревизор

**Буџет на Општина Студеничани**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 Ден. |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2008** | **2007** |
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 4.997 | 5.888 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 211 | 100 |
| Капитални приходи | 3.3. | 262 | 40 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 18.202 | 12.608 |
| **Вкупно приходи** | | **23.672** | **18.636** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 6.052 | 4.385 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 124 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 6.804 | 9.044 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 3.610 | 3.062 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **16.590** | **16.491** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **7.017** | **1.500** |
| **Вкупно расходи** | | **23.607** | **17.991** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **65** | **645** |

**Буџет на Општина Студеничани**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | **65** | 645 |
| **Вкупно тековни средства** | | **65** | **645** |
| **Вкупна актива** | | **65** | **645** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | **65** | 645 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **65** | **645** |
| **Вкупна пасива** | | **65** | **645** |